# З А П И С Н И К

Од втората седница на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, одржана на 22.10.2022 г., во просториите на РЦОР- Гевгелија, со почеток во 17:00 часот.

Присутни: Кристијан Алчинов, Памела Петровска, Атанас Епов и Георги Петков како членови на ЛМС на ОГ и Марија Јовановска, како член на ЛСМ на ОГ. Тијана Ристовска, заменик-претседателката на ЛМС, беше оправдано отсутна поради присуство на семинар.

Седницата ја отвори и со неа заседаваше Кристијан Алчинов, претседателот на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија. По констатирањето дека се присутни мнозинство членови и има кворум за работа, претседавачот го прочита Предлог-Дневниот ред за работа на седницата:

1. Избор на записничар;
2. Усвојување на записникот од првата одржана седница на ЛМС;
3. Изработка на Предлог-Програма за работа на Локалниот младински совет на ОГ;
4. Разно.

Претседавачот отвори расправа по дневниот ред. Бидејќи немаше забелешки по истиот, го стави на гласање. Со 4 гласа за дневниот ред беше едногласно усвоен. По што се премина на работа по првата точка.

По отворената расправа, за записничар на оваа седница, од страна на Кристијан Алчинов беше предложена Памела Петровска. Бидејќи немаше други предлози, претседавачот го стави предлогот на јавно гласање и со 4 гласа за беше усвоен предлогот.

По изборот на записничар, беше отворена расправа по втората точка. Бидејќи никој не се јави за дискусија и со никакви забелешки, записникот од првата одржана седница на ЛМС беше ставен на гласање и со 4 гласа за усвоен.

По што се премина кон работа за третата точка. Во дискусијата учествуваа сите членови на ЛМС, како и Марија Јовановска- член на ЛСМ на ОГ, со свои предлози за активности во рамки на Предлог-Програмата за работа на Локален младински совет за 2023 година. За што, со помош на претставникот од општинската администрација беше изготвена нацрт-верзија.

Претседателот на ЛСМ, Кристијан Алчинов, по завршувањето на дискусијата, даде предлог истата да биде доставена на разгледување и до членовите на ЛСМ со цел и тие да придонесат со своите идеи во поготовката на конечната програма и во меѓувреме до свикувањето на наредната седница со точка на дневен ред за нејзино усвојување и доставување до Советот на Општина Гевгелија, на неформална средба да биде доработена.

Предлог-Заклучокот беше ставен на усвојување и со 4 гласа за изгласан.

Откако беше исцрпена дискусијата по 3 точка, претседателот отвори расправа по однос на 4 точка. Од страна на членовите на ЛМС беше побарано од претставникот на општинската администрација да им биде доставена листа со податоци од невладините организации во Гевгелија. Бидејќи понатаму не се разви дискусија, претседавачот констатираше дека дневниот ред е исцрпен, затворајќи ја втората седница на ЛМС на ОГ.

бр. 08-2109/5
11.11.2022 г.
Гевгелија

Претседател
на Локален младински совет
на ОГ,

**Кристијан Алчинов**
с.р.

Записничар,
**Памела Петровска**
с.р.

Членови на ЛМС на ОГ,

1. **Кристијан Алчинов с.р.**
2. **Тијана Ристовска с.р.**
3. **Атанас Епов с.р.**
4. **Памела Петровска с.р.**
5. **Георги Петков с.р.**


Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika North Makedonija
Tel. ++389 34 211 211
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
www.gevgelija.gov.mk